Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 217/0306
10.10 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 14.09.2023 година, врз основа на примена жалба од Александра Денковска Гоцевска за Плус Инфо ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов: „Не сме ја криеле германската експертиза, ИРЛ лаже. Обвинителството потсетува дека вештачењето го предложило како доказ“, објавен на 18.08.2023 во Плус Инфо, не отстапува од професионалните и етичките стандарди утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 18 август 2023 година од Александра Денковска Гоцевска пристигна жалба за текстот: „Не сме ја криеле германската експертиза, ИРЛ лаже. Обвинителството потсетува дека вештачењето го предложило како доказ“, објавен истиот ден во Плус Инфо.мк.

Жалителката наведува: „Порталот Плус инфо објавува демант, за сторија објавена на друг сајт која воопшто ја нема пренесено. На овој сајт објавени се сите деманти за сторијата на ИРЛ „Убиство во Тетово“, а оригиналната сторија на ИРЛ, како и сите одговори на деманти кои ги испрати редакцијата не се објавени“.

Жалителката, реченица подолу наведува уште еден демант објавен во Плус Инфо: ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ГИ ОТФРЛА НАВОДИТЕ НА ИРЛ „Во сторијата се изведени погрешни заклучоци кои го нарушуваат реномето на институцијата“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, побара од Плус Инфо да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од медиумот до СЕММ пристигна одговор во чии делови авторот меѓу другото наведува:
„Истиот ден, кога Плус инфо го објави соопштението на Републичкото јавно обвинителство, порталот објави и реакција на ИРЛ на наведеното соопштение“, при што е наведен и линкот на објавената реакција на ИРЛ. „Дури и насловите на двете вести – оспорената од жалителката и оваа вест, која што таа веројатно ја превидела – се симетрични. Со објавувањето на двете вести, читателот на Плус инфо има увид во аргументите на двете страни кои разменуваат реакции.

Во делот од одговорот за жалбата за реакцијата на ФЕИТ, од Плус Инфо одговорија дека доколку се работи за немање линк за текст на кој реагираат од Феит, веројатно е технички пропуст, а доколку се однесува на видео-документарецот, таа обврска си е на МРТ која ја исполниле и од тука не произлегува обврска на Плус Инфо да го објавува за да можат засегнати страни да коментираат и реагираат.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата не е основана и дека нема прекршување на одредбите од Кодексот на новинари на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 14 септември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Членовите на Комисијата констатираа дека станува збор за објавено соопштение од Јавното обвинителство за темата која е од голем јавен интерес, како и реакција од Факултетот за електротехника и информациски науки, во кои се негираат одредени информации изнесени во истражувачката сторија на ИРЛ.

Иако жалителката тврди дека не е објавен демантот и реакцијата на ИРЛ за овие деманти и реакции од ЈО и од ФЕИТ, Комисијата сепак констатираше дека на страниците на Плус Инфо е објавена и реакцијата на ИРЛ.

Дел од членовите на Комисијата сметаа дека Плус Инфо при објавувањето на овие деманти требало да стави макар линк до истражувачката сторија која е предмет на преписки и реакции, но мнозинството сметаше дека тоа е ирелевантно за конкретната жалба и дека е доволно што Плус Инфо ја објавил и реакцијата од ИРЛ на демантите и реакциите од ЈО и од ФЕИТ.

Од тука, мнозинството од Комисијата констатираше дека нема прекршување на Кодексот по ниту еден член.

***

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Мери Јордановска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595